# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.153 од 04.09.2015 година**

**Член 1**

Во Законот за донации и спонзорства во јавни дејности („Службен весник на Република Македонија" број 47/2006, 86/2008, 51/11 и 28/14), во членот 23 став (1) зборовите: „ 1.000 до " се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „1.000 до" се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок од ставовите (1) и (2) на овој член на одговорното лице во правното лице."

**Член 2**

Во членот 24 став (1) зборовите: „1.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

**Член 3**

Во членот 25 став (1) зборовите: „1.000 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршок од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице."

**Член 4**

По членот 26 се додава нов член 26-а, кој гласи:

**"Член 26-а**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоци."

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".